# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.53 од 14.04.2011 година)**

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10 и 23/11), во членот 15 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:
„(2) Изградбата на државен пат може да ја врши покрај Агенцијата и друг инвеститор по добиена согласност од Агенцијата. По изградбата, државниот пат се запишува во сопственост на Република Македонија.

(3) Начинот, постапката и условите врз основа на кои Агенцијата ја дава согласноста од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски."

Ставот (2) станува став (4).

**Член 2**

Во член 41 по ставот (2) се додаваат 20 нови става (3),(4),(5),(6),(7),(8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21) и (22) кои гласат:
„(3) За издавање на дозволите од ставот (1) на овој член заинтересираните страни поднесуваат барање со потребната документација.

(4) Дозволите од ставот (1) на овој член се издаваат во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Доколку Агенцијата не ја издаде дозволата од ставот (1) на овој член, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до архивата на директорот на Агенцијата за донесување на решение со кое ќе констатира дека барањето за издавање на дозвола е уважено.

(6) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(7) Директорот на Агенцијата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (5) на овој член до писарницата на директорот на Агенцијата да донесе решение со кое барањето од ставот (5) на овој член е уважено или одбиено. Доколку директорот на Агенцијата нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Агенцијата.

(8) Кон барањето за донесување на решение од ставот (5) на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од ставот (3) на овој член.

(9) Доколку директорот на Агенцијата не донесе решение во рокот од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(10) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (9) на овој член да изврши надзор во Агенцијата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Агенцијата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(12) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој директорот на Агенцијата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Агенцијата.

(15) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (14) на овој член, и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (10) и (11) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (12) и (13) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Во случајот од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот.

(18) Во случаите од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(19) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не одлучи во рок од ставот (15) на овој член, подносителот на барањето може да поведе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(20) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(21) Постапката пред Управниот суд е итна.

(22) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (6) на овој член во „Службен весник на Република Македонија"истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Агенцијата."

Ставот (3) кој станува став (23) се менува и гласи:
„(23) Против решението со кое се одбива барањето за издавање на дозволите од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен."

Ставот (4) кој станува став (24) се менува и гласи:
„(24) Дозволата од ставот (1) на овој член за општинските патишта ја издава општината, односно градот Скопје."

По ставот (24) се додаваат 18 нови става (25), (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32), (33), (34), (35), (36), (37), (38), (39), (40), (41) и (42), кои _ гласат:
„(25) Доколку општината, односно градот Скопје не ја издаде дозволата од ставот (1) на овој член, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на градоначалникот на општината, односно градот Скопје за донесување на решение со кое ќе констатира дека барањето за издавање на дозвола е уважено.

(26) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (25) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(27) Градоначалникот на општината, односно градот Скопје е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (26) на овој член до писарницата на градоначалникот на општината, односно градот Скопје да донесе решение со кое барањето за издавање на дозволата е уважено или одбиено. Доколку градоначалникот на општината, односно градот Скопје нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на општината, односно градот Скопје.

(28) Кон барањето за донесување на решение од ставот (25) на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од ставот (3) на овој член.

(29) Доколку градоначалникот на општината, односно градот Скопје не донесе решение од ставот (27) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(30) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (29) на овој член да изврши надзор во општината, односно градот Скопје дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(31) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува градоначалникот на општината, односно градот Скопје во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(32) Доколку градоначалникот на општината, односно градот Скопје не одлучи во рокот од ставот (31) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој градоначалникот на општината, односно градот Скопје ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(33) Доколку градоначалникот на општината, односно градот Скопје не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (32) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(34) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (30) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на општината, односно градот Скопје.

(35) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (34) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (30) и (31) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (32) и (33) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(36) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (34) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(37) Во случајот од ставот (36) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(38) Во случаите од ставот (37) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена да го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(39) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (35) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(40) Доколку градоначалникот на општината, односно градот Скопје не одлучи во рок од ставот (33) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(41) Постапката пред Управниот суд е итна.

(42) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (26) на овој член во „Службен весник на Република Македонија" истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на општината, односно градот Скопје."

Ставот (5) кој станува став (43) се менува и гласи:
"(43) Против решението со кое се одбива барањето за издавање на дозволите од ставот (19) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до посебна трочлена комисија формирана од министерот за транспорт и врски, при што претседателот на комисијата треба да е од редот на раководните државни службеници (во натамошниот текст: Комисија)."

По ставот (43) се додаваат 16 нови става (44), (45), (46), (47), (48), (49), (50), (51), (52), (53), (54), (55), (56), (57), (58) и (59), кои гласат:

"(44) Комисијата од ставот (43) на овој член е должна да постапи по жалбата и да донесе решение во рок од 45 дена од денот на приемот на жалбата.

(45) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (43) на овој член не донесе решение во рокот од ставот (44) на овој член, жалителот може да го извести државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(46) Формата и содржината на образецот на известувањето од ставот (45) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(47) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (45) на овој член да изврши надзор во Министерството дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира жалителот.

(48) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува претседателот на Комисијата од ставот (43) на овој член во рок од десет дена да одлучи по поднесената жалба, односно да ја уважи или одбие и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој е одлучено по поднесената жалба.

(49) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (43) на овој член не одлучи во рокот од ставот (47) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој претседателот на Комисијата од ставот (43) на овој член ќе одлучи по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(50) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (43) на овој член не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (49) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(51) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (46) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(52) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (51) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од жалителот на ставовите (47) и (48) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (49) и (50) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе

определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(53) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (52) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(54) Во случајот од ставот (53) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(55) Во случаите од ставот (54) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(56) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (52) од овој член, жалителот може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(57) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (42) на овој член не одлучи во рок од ставот (50) на овој член, жалителот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(58) Постапката пред Управниот суд е итна.

(59) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (46) на овој член во „Службен весник на Република Македонија"истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски."

**Член 3**

Во членот 60 став 1 зборовите: „правни лица овластени за вршење на регистрација на возила" се заменуваат со зборовите: „правни лица овластени за вршење на технички преглед на возила".

Во ставот 2 зборот „регистрација" се заменува со зборовите: „технички преглед".

**Член 4**

Во членот 66-г став 2 зборовите: "Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на сообраќајот на Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен".

**Член 5**

Во членот 66-д став 1 по зборовите: "регистрација за" зборот "патничките" се брише, а по зборовите: "технички преглед на" зборот "патничките" се брише.

**Член 6**

Во членот 66-ѓ став 2 зборовите: "Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од обласга на сообраќајот на Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен".

**Член 7**

По членот 66-е се додава нов член 66-ж, кој гласи:

„Член 66-ж

(1) Заради итно згрижување на лица повредени во патниот сообраќај односно болни лица на кои им е потребна итна медицинска помош може да се даде помош со воздушно летало (хеликоптер, авион или слично).

(2) Министерот за транспорт и врски во соработка со Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Центарот за управување со кризи и правното лице од членот 64 став (4) на овој закон ги пропишуваат критериумите за користење на воздушните летала за превезувањето на повредени лица во патниот сообраќај, односно болни лица, составот и стручната оспособеност на медицинските екипи и начинот на финансирање на давањето помош со воздушните летала."

**Член 8**

Во членот 72 став (3) зборовите: "Државниот инспекторат за транспорт" се заменуваат со зборовите: "Министерството за транспорт и врски".

По ставот (3) се додаваат 16 нови става (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18) и (19), кои гласат:
„(4) Комисијата од ставот (3) на овој член е должна да постапи по жалбата и да донесе решение во рок од 45 дена од денот на приемот на жалбата.

(5) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (3) на овој член не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, жалителот може да го извести државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Формата и содржината на образецот на известувањето од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Министерството дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три

работни дена од денот на извршениот надзор да го информира жалителот за преземените мерки.

(8) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува претседателот на Комисијата од ставот (3) на овој член во рок од десет дена да одлучи по поднесената жалба, односно да ја уважи или одбие и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој е одлучено по поднесената жалба.

(9) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (3) на овој член не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој претседателот на Комисијата од ставот (3) на овој член ќе одлучи по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(10) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (3) на овој член не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, жалителот во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (11) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од жалителот од ставовите (7) и (8) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (9) и (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира жалителот за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира жалителот за преземените мерки.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(15) Во случаите од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена ќе го информира жалителот за преземените мерки.

(16) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) од овој член, жалителот може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(17) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (3) на овој член не одлучи во рок од ставот (10) на овој член, жалителот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(18) Постапката пред Управниот суд е итна.

(19) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (6) на овој член во „Службен весник на Република Македонија" истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски."

По ставот (4) кој станува став (20) се додаваат 16 нови става (21), (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32), (33), (34), (35) и (36), кои гласат:
„(21) Комисијата од ставот (20) на овој член е должна да постапи по жалбата и да донесе решение во рок од 45 дена од денот на приемот на жалбата.

(22) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (20) на овој член не донесе решение во рокот од ставот (21) на овој член, жалителот може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(23) Формата и содржината на образецот на известувањето од ставот (22) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(24) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (22) на овој член да изврши надзор во општината, односно градот Скопје дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира жалителот за преземените мерки.

(25) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува претседателот на Комисијата од ставот (20) на овој член во рок од десет дена да одлучи по поднесената жалба, односно да ја уважи или одбие и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој е одлучено по поднесената жалба.

(26) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (20) на овој член не одлучи во рокот од ставот (25) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе

определи дополнителен рок од пет работни дена во кој претседателот на Комисијата од ставот (19) на овој член ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира жалителот за преземените мерки.

(27) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (20) на овој член не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (26) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира жалителот за преземените мерки.

(28) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (25) на овој член, жалителот во рок од пет дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(29) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (28) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од жалителот од ставовите (24) и (25) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (26) и (27) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира жалителот за преземените мерки.

(30) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (29) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира жалителот за преземените мерки.

(31) Во случајот од ставот (30) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(32) Во случаите од ставот (31) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена ќе го информира жалителот за преземените мерки.

(33) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (29) од овој член, жалителот може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(34) Доколку претседателот на Комисијата од ставот (20) на овој член не одлучи во рок од ставот (25) на овој член, жалителот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(35) Постапката пред Управниот суд е итна.

(36) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (23) на овој член во „Службен весник на Република Македонија" истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на општината, односно градот Скопје."

Ставот (5) се брише.

Ставот (6) станува став (37).

**Член 9**

Подзаконските акти од овој закон се донесуваат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 10**

Одредбите од членот 66-г став (2) утврден во членот 4 на овој закон и членот 66-ѓ став (2) утврдени во членот 6 од овој закон, ќе се применуваат од денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

**Член 11**

Одредбите од членовите 2 и 8 на овој закон градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје ќе ги применуваат од 1 септември 2011 година.

Инспекторите од Државниот инспекторат за транспорт почнувајќи од 1 мај 2011 година можат да вршат инспекциски надзор во техничките станици во врска со уплатата на средствата од членот 64 став 4, односно членот 66-д став 1 на Законот за јавните патишта во Буџетот на Република Македонија при регистрација за моторни возила во висина утврдена со одлука на Владата на Република Македонија, како и вирманските уплати на овој надоместок од правни и физички лица. Инспекторите инспекцискот надзор го спроведуваат врз основа на Законот за јавните патишта и врз основа на договорот од членот 66-д на Законот за јавните патишта, во периодот на важноста на овластувањето за вршење на дејноста помош на пат.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".